Архивски бр. 08-1421/1
датум 01-07-2026

# ЗАПИСНИК
# ОД НАДЗОР ВО ОСНОВЕН СУД СТРУМИЦА

Министерот за правда со решение бр. 08-527/1 од 25.02.2026 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ“ бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2026 година.

Комисијата за надзор на ден **30.03.2026** година во **10:00** часот, согласно Планот за надзор бр. 08-2554/1 го започна надзорот во **Основен суд Струмица** а контролниот период од 2024 до 2026 година, односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во 2024 година до 2026 година.

Комисијата изврши увид во судот во присуство на претседателот на судот Татјана Малинова и раководителот на оддел за човечки ресурси кој истовремено извршува рабони задачи на судски администратор, како и раководителот на одделот за информатика Аце Панделиев.

Со одлука на Судскиот совет бр.37/25 од 20.02.2025 година била избрана претседателката на судот Татјана малинова, а претходно судијата Емил Глигоров ја извршувал функцијата вд претседател на судот назначен со одлука на Судски совет 02-1095/1 од 03.06.2024 година.

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

# ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

1. **Програма за работа и извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд најдоцна до 1 март до Судски совет**

Су бр.6/24 од 18.01.2024 година, Су бр.3/25 од 03.01.2025 година, Су бр.2/26 од 15.01.2026 година.

2. **Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)**

Во 2025 биле избрани двајца судии, од кои едниот судија е веднаш делегиран. Вкупниот број на судии во судот заедно со претседателот се 12 судии, иако по систематизација предвидени се 20 судиски места. Еден судија заминал во пензија, еден е делегиран до мај 2026 година, еден судија е кандидат за повисок суд, а еден судија ќе оди во пензија во декември 2026 година. На овој начин Основниот суд Струмица кој е суд со проширена надлежност и во следниот период ќе има ограничен број на судии, под 50%.
Пет судии постапуваат во кривичен оддел (4 + 1) прекршок и граѓански оддел(5+ 1) претседателот и стопански оддел.
Иако судот е со ограничени ресурси, со ангажман на претседателката на судот успеал да биде ажурен суд во 2025 година, нерешени на почеток на годината 3758 предмети, новопримени 20347 предмети, укинати повторно заведени 162 предмети, вкупно во работа 24259 предмети, решени 21117 и останати 3142 предмети.
Судот успеал да реши заостаток над 600 предмети. Најмногу оставински, прекршоци и граѓански предмети.

Сепак, процентот на пополнети места со бројот на предмети укажува на преоптовареност на судиите и судската служба, заради кои причини препораката за потребата од судии и судска служба дадена за Апелациониот суд Битола и за основните судови на апелационо поддрачје Битола важи и за Апелационото подрачје Штип. Влезот на повеќе судии и проекциите на Судски совет, Академија се клучни за пополнување на празните судиски места, како во основните, така и во повисоките судови. За жал, нема нова генерација на судии кои ќе успеат да ги пополнат слободните судиски места. Преоптовареноста на судиите е е ден од меѓународните стандарди на кои се внимава. Судски совет е потребно да преземе мерки во оваа насока.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

3. **Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)**

Се забележува поголем број на измени на годишниот распоред. И во претходниот извештај беше дадена препорака да се сведат измените на распоредот само на најнеопходни согласно законските услови.
Су 210/24 од 27.12.2024 година, Су 210/24-1 од 30.12.2024 година, Су бр.210/24-2 од 03.01.2025 година, Су бр.210/24-3 од 22.01.2025 година, Су бр.210/24-4 од 20.02.2025 година, заради претседател на суд, Су бр.210/24-5 од 04.03.2025 година, Су бр.20/24-6 од 07.04.2025 година, заради избор на нови судии, Су бр.210/24-7 од 30.05.2025 година, Одлука Су 210/24-8 од 03.11.2025 година, за итни предмети.
Во 2026 година била направена само една измена на годишниот распоред.
Су бр.257/25-3 од 31.12.2025 година, Одлука дополнување Су 257/25-4 од 27.01.2026 година.

4. **План за годишен одмор на судиите (115 СД)**

Одлука за годишен одмор за 2024 Су 98/24 од 25.06.2025 година, Су 141/25 -1 од 1.07.2025 година, за секој оддел посебно и за судска полиција. И за вработени, Дежурства Су 17/24 од 29.01.2024 , Су 33/26 од 27.01.2026 година, Су бр.20/25 од 27.01.2025 година.

5. **Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

Не е формирана служба за информатика како посебна организациона единица. Во судот е вработен еден информатичар - раководител на оддел за информатика Аце Панделиев.

6. **Формиран оддел за судска практика во судот**

Одделот за судска практика е составен од 4 судии од сите области, граѓанско, кривично, прекршоцци и стопанска област.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

7. **Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)**

Судија Цонка Каламерликова.

8. **Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)**

Препораката за избор на судски администратор не е надмината и исполнета. Раководителот на човечки ресурси со овластување ги врши и работите на судски администратор.
Судската служба е пополнета делумно. Од 117 службеници по систематизација пополнети се 42 места, 5 судска полиција, 3 места по ЗРО и 1 договор на дело, записничари 12, од кои еден со пола работно време.
Пополнетоста треба да биде 70 судски службеници, по укажувања на судот.

Комисијата останува на претходно дадената препорака, да се овозможат финансиски средства и избор на судски администратори во судовите, согласно закон и пополнување на најмалку 75% од постојната систематизација.

Распоред за судска служба : Су бр.07 бр.23/24 од 27.12.2024 година, измена Су 07 бр.23/24-2 од 15.01.2025 година, 07-Су бр.23/24-3 од 28.01.2025 година, 07-Су бр.23/24-4 од 13.02.2025 година, 07-Су бр.23/24-5 од 17.02.2025 година, 07-Су бр.23/24-6 од 28.02.2025 година, и 07-Су бр.23/24 - 7 од 09.04.2025 година, 07-Су бр.23/24 - 8 , и 07-Су бр.23/24- 9
Измените на распоредот за судска служба ги следи измените на годишниот распоред.

Су бр 32/25 од 29.12.2025 година за 2026 година.

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД)_за 2024, 2025 и 2026 година**

   Су бр.215/24 од 31.12.2024 година, Су 108/25 од 26.05.2025 година, Су 89/26 -1 од 24.03.2026 година.

10. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД), Записници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Су 40/25 од 25.02 2025 , Су 56/25 со записничари , Су 110/25 со доставувачи,
Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД) увид во записници
Кривичен оддел Су бр.17/25 од 23.01.2025 година, граѓански Су бр. 24/25 од 04.02.2025 година.

11. **Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

03-Су бр.6/25 од 28.01.2025 година и 03 Су бр.6/26 од 23.01.2026 година.

12. **Извештај од повисокиот суд за работата на Основниот суд Струмица за 2024, 2025 и 2026 година**

Извештај на Апелационен суд Штип 03 Су бр.87/25 од 29.09.2025 година.

13. **Надзор над работата на нотарите**

Службена белешка заведена под 03 Су бр.39/25 од 01.04.2025 година,
Записник од состанок со А.Д.Пошта на Северна Македонија.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

14. **Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)**

Обуките на вработените ги извршува информатичарот и тоа по потреба кога има нови вработени или новитети во системот. По потреба информатичарот ги обучува судиите и судските службеници и соработници за користење на апликацијата за тонско снимање. Информатичарот редовно посетува организирани ИТ обуки во Академијата за судии и јавни обвинители.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

## 15. Преглед на информатичката опрема со која располага судот

Во поглед на информатичката опрема со која располага судот известени сме дека персонални компјутери се во доволен број и се употребуваат од страна на сите вработени во судот. Информатичката опрема во судот е не постара од 7 години. Не е предвидено набавка на нова ИТ опрема. Бројот на активни принтери е многу мал, и голем дел од нив се амортизирани. Неопходна е набавка на нови печатари. Скенери има во доволен број. Дисплеите во судот повеќе не се функционални.
Сервер собата е во солидна состојба и ги задоволува стандардите.
Во моментот на надзорот беше констатирано дека АКМИС апликацијата работи многу споро, со што се отежнува работата на судските службеници.

## 16. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид

Согласно со измената на персонал, се менуваат и корисничките групи во работата на судиите во судот. Извршен беше увид во списоците за контролниот период СУ.бр.51/25 од 18.03.2025 и СУ 47/26 од 11.03.2026 година и констатирано беше дека истите се уредно внесени во АКМИС системот.
Су 30/24 -3 од 30.04.2024 година.

## 17. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)

После извршениот увид, констатирано беше дека постојат внатрешни процедури за привилегии за работата со АКМИС системот.

## 18. Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)

Извршен е увид како хартиено така и во АКМИС системот во делот календар на дежурства за период од 2024 до 2026 година и беше констатирано дека истите делумно се внесуваат (недостасуваат распореди од јануари до август 2025 и јануари и февруари 2026).


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

## 19. Скенирање на влезни документи

Се врши скенирање на влезни документи во сите писарници. Постои само еден судски службеник задолжен за скенирање на целокупната влезна документација во судот. Не се скенираат само документи за вештачење кои се затворени.

## 20. Електронски прием на предмети од страна на судиите

Редовно се врши електронски прием од страна на судиите.

## 21. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)

Администратор на АКМИС системот е информатичарот на судот согласно Годишен распоред.
Автоматската распределба и прераспределба ја извршуваат уписничарите во писарниците на соодветната материја и секој ден се извршува после 14 часот.

## 22. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2024, 2025 и 2026 година (175 став 5 СД)

Надзорната комисија констатираше голем број на одлуки за исклучување и повторно вклучување на судии од распределба на предмети поради делегирање на судии во други судови. Беше направен увид во следните одлуки: Су 91/25 од 23.04.2025, Су 147/25 од 09.07.2025, Су 169/25 од 28.08.2025, Су 173/25 од 04.09.2025, Су 180/25 од 17.09.2025, Су 223/25 од 12.11.2025, Су 1/26 од 02.01.2026, Су 50/26 од 04.02.2026 и Су 80/26 од 09.03.2026, сите уредно заведени во АКМИС како акти.

Во судот се носат и Одлуки за ресетирање на ознаки во АКМИС систем поради нерамномерно распоредување на предмети на судии - Одлука Су 183/24 од 14.11.2024 година.

## 23. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2024, 2025 и 2026 година

Бројот на барањата за изземања за контролираниот период во Основен суд Струмица не е многу голем, и најчесто изземањата се поради роднински врски на еден судија со нотар, или поради учество на судија во претходна постапка. Направен беше увид во хартиена форма и во АКМИС системот на Решенија за изземање на


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

судија: Су ИЗЗ 7/25 од 17.02.2025, Су ИЗЗ 21/25 од 24.04.2025, Су ИЗЗ 25/25 од 09.05.2025, Су ИЗЗ 57/25 од 16.10.2025, Су ИЗЗ 62/25 од 26.11.2025 и Су ИЗЗ 5/26 од 16.02.2026 .
Констатирано беше дека сите одлуки за изземање на судија се уредно заведени во АКМИС системот.

**24. Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2024, 2025 и 2026 година**

Во судот нема одлуки за рачна распределба на предмети.

**25. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)**

Беше извршен увид во АКМИС за случајно одбрани предмети за период од 2024 до 2026 година:

- ТС-12/24 - поднесен и примен на ден 23.12.2024 година, распределен рачно преку АКМИС на ден 23.12.2024 година затоа што станува збор за укинат предмет кој се враќа кај ист судија и примен кај судија на ден 24.12.2024 година,
- П2-16/26 - поднесен и примен на ден 26.01.2026 година, автоматски распределен на ден 30.01.2026 година, прераспределен автоматски на ден 17.02.2026 и 20.02.2026 година поради Одлуки изземање и примен кај судија на ден 02.02.2026 година
- ПО-21/25 - поднесе и примен на ден 07.02.2025 година, автоматски распределен на ден 07.02.2025 година, примен кај судија на ден 10.02.2026 година, по што сите судии од Основен суд Струмица се изземаат од постапување шпо предметот и предметот се доставува до друг стварно надлежен суд.
- П2-16/24 - поднесен и примен на ден 19.02.2024 година, автоматски распределен на ден 20.02.2024 година, примен кај судија на ден 21.02.2024 година, прераспределба рачно на ден 9.10.2024 и на 06.04.2025 година по Одлуки на претседател, изземање на ден 15.04.2025 година, по Одлука на претседател прераспределба рачно на ден 16.04.2025 година, и прераспределба автоматски на ден 26.05.2025 година


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

- ВПП - 52/25 - поднесен, примен и автоматски распределен на ден 14.10.2025 година, примен кај судија на ден 15.10.2025 година, прераспределба автоматски на ден 16.10.2025 година со Решение за изземање.
- К-190/25 - поднесен, примен и автоматски распределен на ден 07.05.2025 година, примен кај судија на ден 08.05.2025 година, автоматски распределен истиот ден, прераспределен автоматски на ден 12.05.2025 година со решение за изземање.
- К-ООА-26/25 - поднесен, примен и автоматски распределен на ден 26.11.2025 година, примен кај судија на ден 27.11.2025 година
- ПРК-С-133/26 - поднесен, примен и автоматски распределен на ден 29.01.2026 година, примен кај судија на ден 05.02.2026 година
- МАЛВП-16/26 - поднесен на ден 19.03.2026 година, примен и автоматски распределен на ден 23.03.2026 година, примен кај судија на ден 24.03.2026 година

На денот на надзорот при преглед на предмети кои имаат автоматска распределба со број на обиди повеќе од еден, беа воочени два такви предмети ПРК-О-8/25 со 24 обиди и К-ПП-119/25 со 80 обиди. Објаснување на судот е дека при обид предметот К-ПП-119/25 да биде доделен на дежурен судија преку копче Судија, по многу обиди АКМИС не го доделил на тој судија, па затоа со помош на информатичарот во судот останатите судии биле исклучени, само дежурниот судија бил оставен вклучен - за што постои уредна службена белешка. Предметот ПРК-О-8/25 со 24 обиди е предмет од итен карактер - странец, при што поради отсуство на еден од двајцата судии кои постапуваат по тој вид на предмети, уписничарот кликал на копче-судија се додека АКМИС не го доделил предметот  кај присутниот судија.

При преглед на предмети кои имаат распределба со копче судија и број на обиди повеќе од еден има предмет К-ООА-62/25 од 25.09.2025 година со 62 обиди за кои постои службена белешка дека станува збор за итен предмет кој АКМИС не го распределува кај судијата кој е дежурен во моментот, и затоа се исклучуваат сите судии за да предметот се падне кај дежурниот судија.

## 26. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)

Во моментот на надзорот 12:29 часот, евидентирани се 49 предмети кои чекаат да се распределат со автоматска распределба. Автоматската распределба се извршува


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

секој работен ден после 14 часот, освен итните предмети кои се придвижуваат веднаш.

**27. Уписници што се водат во хартиена форма**

Во судот не се водат уписници во хартиена форма.

**28. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање**

Во судот има 11 судници, од кои 3 судници се опремени со опрема за тонско снимање, а една од нив е опремена со опрема за аудио и за видео снимање, меѓутоа истата не се користи затоа што е технички неисправна. Тонското снимање се користи многу малку, во 2025 година реализирани се само 3 рочишта со тонско снимање.

**29. Електронска достава**

Електронска достава се врши до адвокатите кои имаат активни електронски сандачиња, но се прават напори да се интензивира доставата и со нотари и извршители, како и со други институции. За контролираниот период (ноември 2024 – 30 март 2026) има извршено 2454 електронски достави на акти од судот.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

**30. Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2024, 2025 и 2026 година (член 16 СД)**

Су бр.30/24-1 од 12.02.2024, Су 30/24-4 од 30.05.2025 година, Су бр.10/26 година од 29.01.2026 година.

**31. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2024, 2025 и 2026 година по предлог на работното тело**

Су 30/24 од 12.02.2024 година, Су 26/25 од 07.2.2025 година, Су бр.45/26 од 11.02.2026 година.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

**32. Внатрешни процедури**

Су 30/24-2 од 12.02.2024 година, Су бр.26/25-1 од 07.02.2025 година , Су 45/26-1 од 11.02.2026 година.

**33. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Су 07-2/24 од 11.01.2024 година, Су 07-2/25 од 25.01.2025 година.
Су 07-1/26 од 13.01.2026 година.

ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**34. Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

Информирањето на јавноста е преку веб страната на судот на која редовно се објавуваат месечни, квартални, полугодишни и годишни извештаи за работата на судот и за работата на судиите во основниот суд. Има отворени денови во судот каде се остваруваат средби со ученици од средни и основни училишта.

**35. Огласна табла на судот**

Има огласна табла на влез во судот. Видео дисплеите со информации од АКМИС за истакнување распореди за судењата се во функција, но поради застраен оперативен систем имаат проблем со антивирусниот софтвер. Имаат електронска огласна страна на веб страната на судот на која редовно се објавуваат содржини.

**36. Простории за судии поротници и за адвокати**

Има

37. **Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2024, 2025 и 2026 година**

Редовно се објавуваат на веб страната на судот. Стручен соработник врши анонимизација, преку модулот на АКМИС, или со дополнителна проверка од нејзина страна на одлуката пред објавување. За контролираниот период објавени се вкупно 1121 одлуки.

38. **Архива**

Архивата е средена, уредна. Во врска со проблемот за остапување на архивирани предмети на Архивот на РСМ Струмица се постапува, односно се надминува проблемот.

| ПРЕДИЗВИЦИ СО КОИ СЕ СООЧУВА СУДОТ |
|---|

39. **Прашања за кои претседателот на судот, судскиот администратор или судската служба при вршењето на работите во судот можат да укажат дека им го отежнуваат работењето во врска со АКМИС или општо ефикасното работење на судот.**

- **Алармантиониот недостаток на нови вработувања и унапредувања во Судот**

Имено со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во основен сду Струмица се предвидени вкупно 117 работни места од кои пополнети се вкупно со судска администратција и техничка служба само 53 работни места. Во текот на 2026 година од овие 53 вработени, на еден вработен од 01.01.2026 година спогодбено му престанува работниот однос, а уште двајца вработени ги исполнуваат условите за заминување во старосна пензија, од кои еден со наполнети 63 години, а еден со наполнети 64 години, согласно погоре наведената систематизација, овој суд во текот на 2026 година ќе работи и функционира со помалку од половина од вработените по систематизација , кое нешто негативно ќе влијае на работата на судот и неговата ефикасност спрема странките и граѓаните.

- **Итно одобрување на нови вработувања согласно годишниот план за вработување за 2026 година**

Во почетокот на 2022 година Судскиот администратор на основниот суд во Струмица, кој е суд со проширена надлежност замина во старосна пензија и со Одлука на Претседателот на судот од февруари 2025 година целосно му беа пренесени овластувањата за Судски Администратор На раководителот на одделението за човечки ресурси ванчо Велков кој без дополнителен надоместок во целост и одлично си ги исполни обврските согласно Закон и Судски Деловник.

- **Потребно е итно одобрување на интерен Оглас за избор на Судски администратор од причини што имаме вработен кој не ги исполнува сите услови за истото, како и одобрувања и на други унапредувања преку интерен оглас кои редовно ги бараме но безуспешно во нашите годишни планови за вработување**

Во овој суд е предвидено дека треба да постапуваат вкупно 20 судии вклучувајќи го и Претседателот на судот, но во текот на 2026 година судот работи и постапува со вкупно 12 судии вклучувајќи го и Претседателот на судот, од кој судијата Валентина Даутова замина во старосна пензија, а од месец мал 2025 година судијата Марија Маневска времено е упатена да судсиката функција ја извршува во Основен суд Берово, што значи дека судот во Струмица како суд со проширена надлежност работи само со 10 судии.
Ниските плати на вработените и нередовното одобрување на месечни додатоци за вработените, кои факти многу негативно и дестимулирачки влијае на работење на вработените во судот.

- **Зголемувањена платите на вработените и Редовни месечни исплаќања на додатоците за плата во максимален износ**

При работењето во АКМИС системот се случува да наидуваме на проблеми. Ознаките на судиите кои се дефинираат за да „знае“ системот кој судија во кој оддел работи или од кои уписници прима предмети е лошо решение и треба да се изведе на друг начин. Имаме проблем со филтрирањето на податоците при пребарување по лица учесници во предмети по име и презиме, исто и при пребарување во формата з аознаки на судиите каде понекогаш се лсучува да некој судија не го покажува во сите оддели каде работи, потребно е упростување на работата во АКМИС бидејќи и така сме со недостаток од вработени. Потребно е изнаоѓање

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

решение барем во делот за потврдите и уверенијата да можат да се издаваат електронски и автоматски, на тој начин ќе се намали потребата од доаѓање во судот на странки. Потребно е изнаоѓање онлајн решение за проверка на статус на предмет. Треба да се вметне модул во АКМИС преку кој ќе може автоматски да се објавуваат акти на огласниот дел на веб страната. Електронската достава на правни лица исто така треба да се поедностави а не секој суд посебно да ги внесува (би требало да биде исто како и со адвокатите).

Увидот заврши на ден 30.03.2025 во 13:00 часот.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk